Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 03-147/3
30.08 2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставка бр. 0801-147/1 од 02.07.2021 поднесена од Здружение за [redacted] против Градски базен „Маркови Кули" Прилеп (Спортско рекреативен центар „Маркови Кули" – ДООЕЛ Прилеп) за сторена дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, социјално потекло, национална или етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на пристапот до јавни добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 30.08.2021 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на раса, боја на кожа, социјално потекло, етничка припадност и припадност на маргинализирана група врз група граѓани од ромска етничка припадност во областа на пристапот до јавни добра и услуги од страна на Градски базен „Маркови Кули" Прилеп (Спортско рекреативен центар „Маркови Кули" – ДООЕЛ Прилеп).

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 02.07.2021 беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] Прилеп со седиште на улица [redacted] во Прилеп, против Градски базен „Маркови Кули" Прилеп (Спортско рекреативен центар „Маркови Кули" – ДООЕЛ Прилеп) со седиште на ул. „Јоска Јорданоски" бб (ул. „Цена Оџоска" бр. 1А) во Прилеп.

Во претставката [redacted] од Прилеп тврди дека на 24 јуни 2021 година, лицето [redacted] заедно со неговите другари [redacted] и [redacted] и неговата малолетна ќерка [redacted] се упатиле кон Градскиот базен „Маркови Кули" со намера да влезат и да ги користат услугите на базенот. При нивното пристигнување во 13 часот, забележале поголема група Роми кои чекале пред влезот од градскиот базен. Кога побарале да купат карти, од страна на вработените им било кажано дека во моментот во базенот имало присутни поголем број на лица и дека не можат да ги пуштат врз основа на здравствените протоколи во поглед на заштита на здравјето од пандемијата предизвикана од КОВИД-19. Откако оваа група на лица се повлекла назад, дошла друга група на лица од ромска етничка припадност на кои им било кажано дека имале наредба да не пуштаат Роми во базенот. Во меѓувреме, [redacted] го контактирал сопственикот на базенот [redacted] да го праша зошто не ги пуштаат на што [redacted] му одговорил дека не е заинтересиран и го прекинал повикот. Во тој момент пристигнале лица од македонска етничка припадност кои слободно влегле во базенот да ги користат услугите. Од видното ограничување на нивниот пристап, групата Роми се изреволтирале и го блокирале влезот на базенот. Тогаш дошол синот на сопственикот на базенот [redacted] кој му се заканил на [redacted] со зборовите „ќе видиме со тебе" а потоа дошол и сопственикот кој им се заканил дека со вакво постапување повеќе Ромите никаде нема да влезат алудирајќи на неговата сала за свадби и спортска сала. Потоа, обезбедувањето на базенот повикале

полиција при што, од страв од последиците, групата Роми заминале од премисите на градскиот базен.

Дополнително, подносителот на претставката поднесе прилози во форма на видеоматеријали во кој на некои од нив се гледа како поголема група Роми стојат пред влезот на базенот во моментот кога се ограничени да влезат во објектот, изјава од Градоначалникот на Прилеп кој тврди дека дискриминацијата е недозволива и изјава на сопственикот на базенот кој алудира дека не пуштаат луѓе кои немаат соодветна опрема, не се соодветно облечени, не запазуваат хигиена и дека мора да се држат до протоколите за заштита од КОВИД-19.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на [redacted] веројатно дека Градски базен „Маркови Кули“ Прилеп сториле директна дискриминација врз припадници на ромската етничка заедница во областа на пристапот до јавни добра и услуга. Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 09.07.2021 година врз основа на член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) достави Известување бр. 0801-147/2 за произнесување на Градскиот базен „Маркови Кули“ за наводите за дискриминација содржани во претставката.

Бидејќи Градскиот базен „Маркови Кули“ не се произнесе по претставката во законски предвидениот рок од 15 дена согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ги анализираше само наводите содржани во претставката поднесена од [redacted]. Врз основа на приложените докази во претставката, јасно се гледа дека пристапот до услугите на базенот на поголема група Роми им е забранет односно, односно група изреволтирани Роми стојат пред влезот на базенот. Еден маж од групата разговара со редарот кој на прашањето „Дали имаат наредба да не пуштаат Роми“ не го негира одговорот дека тоа е така. Дополнително, во изјава за медиумите, сопственикот на градскиот базен тврди дека не пушта никој кој нема соодветна опрема, не се соодветно облечени и не запазуваат хигиена а дополнително воделе сметка и за протоколите засновани врз пандемијата предизвикана од КОВИД-19. Врз основа на ова, на групата Роми не им објаснуваат дека немаат соодветна облека туку напротив не им даваат објаснување за нивниот ограничен пристап до базенот. Следствено, на видеоматеријалот јасно се гледа дека групата Роми немаат проблеми со хигиена, соодветно се облечени, а доколку базенот водел сметка за здравствените протоколи, пред влезот би чекале и граѓани од неромска етничка припадност. Оттука се испоставува дека сопственикот на базенот го ограничува пристапот до јавни добра и услуги на граѓани од ромска етничка припадност врз основа на боја на кожа, раса и етничка припадност. Следствено, членот 9 од Уставот на Р. Северна Македонија, членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и членот 14 од Европската конвенција за човековите права јасно предвидуваат забрана на секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа и национална или етничка припадност покрај другите основи. Оттука, дискриминацијата се однесува во областа на пристапот на јавниот пристап до добра и услуги што е директно поврзано и со член 1 од Протоколот бр. 12 од Европската конвенција за човекови права. Јавниот пристап до добра и услуги се огледува и во фактот што градскиот базен се наоѓа на земјиште во државна сопственост односно во сопственост на општината а е дадено на концесија на правно лице согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Дополнително, градоначалникот на општина Прилеп најстрого го осуди ваквиот нееднаков пристап кон граѓаните Роми кои се жители на оваа општина а граѓаните организираа и мирен протестен марш за искажување на нивниот револт во општината

која има историја на нееднакво постапување во областа на јавниот пристап до добра и услуги врз граѓани од ромска етничка припадност. Врз основа на горенаведените факти, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

## ПРЕПОРАКА

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став 2 му препорачува на одговорното лице на Градскиот базен „Маркови кули" да ја отстрани дискриминација на начин што во иднина нема да го ограничува пристапот до базенот на граѓаните врз било која основа што би можело да доведе до нееднаков пристап до нивните услуги. Врз основа на став 4 од истиот член, доколку лицето не постапи по препораката, Комисијата има право да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци. Согласно став 3, лицето е должно да постапи по препораката во рок од 30 дена но не подолго од шест месеци од денот на приемот на препораката.

Изготвил:

Исмаил Камбери – Член на Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател

Весна Бендевска

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk